РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-3977/5
07-02-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), на 100- та седница, одржана на 06.02.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот бр. 09-3997/1 и 09-3977/2 од 14.08.2023 година, оформен врз основа на пријави доставени по електронска пошта од непознати подносители против лицето ___________, градоначалник на општина _______________, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата се потврдуваат, но не се утврдени прекршувања на одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознати подносители, на ден 14.08.2023 година, доставени се пријави по електронска пошта со исти наводи против лицето _______________, градоначалник на општина ___________, по што оформен е предмет со бр. 09-3997/1 од 14.08.2023 година.

Во пријавата, е наведено дека лицето ______________ градоначалник на општина ____________, ја има злоупотребено својата службена положба како градоначалник со што ја има вработено _____________, сопруга на актуелен советник во Советот на општина __________________.

Согласно член 76 став 3 од ЗСКСИ, заради утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите од пријавата, ДКСК пристапи кон прибирање податоци и информации, по што го утврди следното:

Лицето _______________ е остапен работник преку Привремена агенција за вработување „__________" од Скопје, за вршење привремени работи на работно место Помлад соработник за администрирање на даноци и такси во општина _____________ и истата не е вработена туку привремено ангажирана и нејзиниот ангажман започнува од 11.08.2023 година до 31.12.2023 година и нема поврзаност со Планот за вработување за 2024 година. Исто така таа е сопруга на член на Совет на општина ______________.

Исто така, во врска со вработувањето на лицето _____________, ДКСК по увидот на целокупната документација, констратира дека наведеното лице е вработена, односно е отстапена преку Приватна агенција за привремени вработувања во општина ___________, но ______________ градоначалник на општина ______________ нема влијание за нејзиното вработување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата одржана на 01.06.2023 година, констатира дека постапката по предметот со број 09-1145/1 од 20.02.2023 година ќе се запре и истиот да се затвори и архивира бидејќи лицето _____________ член на Совет

во општина ___________, сопруг на ____________ и градоначалникот __________________ немаат влијание врз донесената одлука за нејзиното вработување, поради што Државната комисија нема елементи за нејзино натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Согласно се претходно наведено, ДКСК нема елементи за надлежно постапување во предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК
Изработил: Б.Џ, - советник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: С.П.Д, - член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk